Врз основа на член 18 и 20 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите (Сл.весник на РМ бр.31/98), Собрание на основачите на Заедницата на Црногорците во Република Македонија, на основачкото собрание одржано во Скопје на ден 20.10.2006 година, донесе:

# С Т А Т У Т
**на**
# ЗАЕДНИЦАТА НА ЦРНОГОРЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1
Со овој Статут се утврдуваат целите и задачите на Заедницата на Црногорците во Република Македонија (во натамошен текст ЗЦГМ), на внатрешна организација, називот и седиштето, условите и начинот на зачленување и престанок на членството, правата, обврските и одговорностите, застапувањето и претставувањето, финансирањето, обележјата на ЗЦГМ, начинот на изменување и дополненија на Статутот, начинот на донесување на одлука за престанок на ЗЦГМ и располагање со имотот во случај на престанок со работа на ЗЦГМ.

### Член 2
Името на здружението гласи: ЗАЕДНИЦА НА ЦРНОГОРЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Доколку се создадат услови, согласно Законот за здруженијата на граѓани и фондациите, односно ЗЦГМ има зачленето повеќе од потребното мнозинство за основање на здружение на граѓани, може да формира свои огранoци - клубови и во други градови во Република Македонија.

Ограноците - клубовите на ЗЦГМ во своето работење должни се да го почитуваат Статутот на ЗЦГМ и за својата работа одговараат пред Собранието на ЗЦГМ.

### Член 3
Седиштето на ЗЦГМ е во Скопје на ул. "Демир Трајко" бр. 21А, Република Македонија.

### Член 4
ЗЦГМ има својство на правно лице.

### Член 5
ЗЦГМ има свој печат и штембил.
Печатот и штембилот имаат верзија на кирилица и латиница.
Печатот има тркалезна форма со испишан текст Заедница на Црногорците во Република Македонија. Во средина на печатот е амблемот на здружението.
Штембилот има правоаголна форма, со испишан текст Заедница на Црногорците во Република Македонија, број и празен ред за впишување на број, дата, Скопје.

### Член 6
ЗЦГМ има свој амблем.
Амблемот има форма на три кирилични букви “м ц г“. Горе е буквата “м“ во црвена боја “пантон 485 Ц“ а под неа се буквите “ц г“ во сина боја “пантон процес циан Ц“.

**Член 7**

ЗЦГМ има своја сметка, регистарски и даночен број.

**Член 8**

ЗЦГМ делува на целата територија на Република Македонија согласно со нејзините интерни акти и позитивните законски прописи.

**Член 9**

ЗЦГМ за своите обврски одговара со целокупниот свој имот.

## II. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕТО

**Член 10**

ЗЦГМ е независна, неполитичка, непартиска, невладина, непрофитна организација на граѓани доброволно здружени и организирани за заштита и за остварување на основните права и слободи, во согласност со Уставот и законот.

**Член 11**

ЗЦГМ за своите членови води регистер на членството, кој се ажурира еднаш годишно.

## III. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

**Член 12**

ЗЦГМ ги има следните цели:

1. Промовирање и зачувување на црногорските културни и духовните вредности
2. Собирање, обединување и застапување на интересите на граѓаните на Р.Македонија со црногорско потекло и врски заради зачувување, промовирање, негување и развивање на црногорската книжевност, јазик, музика, уметност, фолклор и друго од сферата на културата и спортот
3. Негување, развивање и афирмирање на македонско-црногорските духовни и културни врски и односи
4. Негување и практикување на идејата за соживот и меѓунационална толеранција, соработка и заемно почитување и разбирање меѓу народите на Црна Гора и Македонија, на локално, национално и меѓународно ниво
5. Посредување меѓу стопанствениците и другите субјекти во стопанството, иницирање и поттикнување соработка со македонски, црногорски и меѓународни организации, фондации и други физички и правни лица врз основа на рамноправност, взаемно уважување, а во интерес на двете страни
6. Промовирање и унапредување на граѓанската свест од областа на здравството, екологијата, образованието и вклучување во проекти и активности наменети за нивно остварување а со цел подигање на степенот на квалитетот на живеење
7. Иницирање и вклучување во хуманитарни проекти и активности, како и спречување и отстранување на штетните последици кои со загадување на воздухот, почвата и водотеците ги загрозува и (или) ги доведува во опасност животите и здравјето на луѓето.

**Член 13**

Задачи на ЗЦГМ се:

1. Градење на сопствена структура за подготовка и реализирање на развојни проекти на ЗЦГМ
2. Градење на долготрајни односи со организации со слични или заеднички цели и со организации чии задачи се афирмирањето, ширењето и презентирањето на слични или исти цели, како и целите на ЗЦГМ и информации во и вон своите

граници
3. Мобилизирање на потребните ресурси во соработка со другите организации
4. Информирање на Македонската и меѓународната јавност за работата, развојот и позицијата на ЗЦГМ во Република Македонија
5. Известување за сопствената активност и активностите на другите организации од сличен вид
6. Развој на други видови активности со придонесување за реализација на истите
7. Организирање семинари, трибини, предавања, дебати и друго за реализација на целите на здружението.

## IV. ОБЛИЦИ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ НА ЗЦГМ

### Член 14

1. Организирање заеднички културни манифестации во соработка со културните институции во Црна Гора и Македонија.
2. Одбележување на значајни датуми од историјата на црногорскиот народ од нивниот културен и општествен развој.
3. Издавање гласило на ЗЦГМ и други информативно издавачки потфати, како и обезбедување услови за подобро информирање низ медиуми во Македонија и Црна Гора

- За остварување на своите цели и задачи ЗЦГМ има своја библиотека, читална, видеотека и аудиотека, преку кои се набавуваат весници, списанија и други помагала.

### Член 15

- Со својата организација ЗЦГМ осигурува колективност во работењето, поединечна одговорност и јавност во работата.
- Во остварување на своите цели и задачи, ЗЦГМ соработува со други здруженија и невладини организации, фондации и други невладини организации во Македонија и Црна Гора и од други држави, во согласност со Уставот на Р.Македонија и меѓународните конвенции. Оваа соработка се остварува преку непосредна размена на информации, публикации, деловни поврзувања, проекти и активности, и друг вид контакти.
- ЗЦГМ може на државните и невладините организации од двете земји да им поднесува иницијативи и петиции.
- ЗЦГМ може да се здружува во други сојузи, организации или други форми на здружување, на здружение на граѓани и невладини организации, заради унапредување на заедничките активности, за усогласување на посебните и заеднички интереси во областа за која се основани, како и за остварување на други прашања од заеднички интерес.

### Член 16

- ЗЦГМ во одредени случаи ги застапува интересите на членството пред официјалните органи на власта и конзуларните претставништва во Р. Македонија односно Р.Црна Гора.

### Член 17

- Доколку се создадат материјални и организациони услови ЗЦГМ во рамките на своите организациони активности може да формира клубови во градовите на Р. Македонија каде што има свои ограноци.
- ЗЦГМ во согласност со Законот, може да основа трговско друштво, социјална или добротворна установа за остварување на прокламираните цели и задачи.

## V. ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗЦГМ

**Член 18**

- Член на ЗЦГМ може да биде секој граѓанин, државјанин на Р. Македонија со црногорско потекло, врз основа на слободно изразената волја со потпишување на пристапница.
- Секој член на ЗЦГМ, должен е да се придржува кон Статутот на ЗЦГМ, одлуките на Годишното Собрание и одлуки на Претседателството.
- Секој член на ЗЦГМ има право да бира и да биде биран во сите органи на здружението под услов да е полнолетен граѓанин.
- Членовите на ЗЦГМ имаат право и обврска да учествуваат во работата на здружението, да изнесуваат предлози и мислења, да го чуваат и негуваат угледот на ЗЦГМ и да работат на унапредување на здружението.
- Секој член е должен да го чува имотот на ЗЦГМ и да се придржува кон куќниот ред во просториите на ЗЦГМ.

**Член 19**

Членовите на ЗЦГМ можат да бидат редовни, вонредни, почесни

- **Редовни членови** се физички лица и сите граѓанско-правни лица, друштва и здруженија и други правни субјекти, кои имаат право на глас во Собранието на ЗЦГМ.
- **Вонредни членови** се сите граѓанско-правни лица, здруженија и друштва, физички и правни лица, како и странски државјани, кои немаат право на глас во Собранието, но можат да учествуваат во работата на ЗЦГМ.
- **Почесен член** може да биде секој поединец и граѓанско-правно лице кое со својата работа, делување и углед дава вонреден придонес во работата и дејствувањето на ЗЦГМ, негување и развивање на културните и духовните вредности, црногорско-македонските односи, продлабочување на хуманите и цивилизациските достreli во афирмацијата на црногорското национално битие во европски и светски рамки, како и истакнати личности. Почесните членови поединечно ги предлага Претседателството на ЗЦГМ, а ги избира Собранието.

- Приемот во членство, без оглед на видот, го утврдува Претседателството со своја одлука, а за прием на почесен член истата ја потврдува Собранието на ЗЦГМ.

**Член 20**

Членот на ЗЦГМ плаќа членарина и му се издава членска карта која служи за идентификација и непречен пристап во просториите на ЗЦГМ.

**Член 21**

На член на ЗЦГМ, членството му престанува:

а) **со доброволно истапување** - односно истапување по сопствена желба, за што до Претседателството на ЗЦГМ поднесува писмен акт со јасно изразена волја за престанок на членството. Во таков случај надлежниот орган автоматски го регистрира престанокот на членството, без за тоа да се води расправа или на било кој друг начин да го преиспитува поднесениот писмен акт за престанок на членството. Доколку членот кој истапува тоа го бара, надлежниот орган кој го верификува истапувањето веднаш и без одлагање е должен да му ја вратн Пристапницата на членот кој истапува од членството.

б) **со исклучување и бришење од членството** - по одлука на Претседателството на ЗЦГМ заради не почитување на усвоените правила, а особено поради:

- повреда на Статутот и другите општи акти на ЗЦГМ
- работа спротивна на интересите и програмските определби на ЗЦГМ
- тоа да го утврди Претседателството на ЗЦГМ на граѓани и за тоа да одлучат со

мнозинство на членовите на Претседателството, односно во постапката по жалба за тоа одлучи Собранието

в) **со престанок на работа на здружението**

г) **со смрт на членот**

Собранието на ЗЦГМ на предлог на Претседателството или по иницијатива на членството може да исклучи член ако тој грубо го крши Статутот на ЗЦГМ или нанесува штета на угледот на ЗЦГМ.

**Член 22**

Во случај на исклучување, загарантирано е право на жалба на членот во рок од 8 дена по приемот на Решението, до Собранието, кое е должно да се состане најдоцна 15 дена од приемот на жалбата и да донесе одлука со мнозинство од вкупниот број членови.

## VI. ОРГАНИ И ТЕЛА НА ЗЦГМ

**Член 23**

Органи и тела на ЗЦГМ се:

- **Собрание**
- **Претседателство**
- **Извршен одбор**
- **Надзорен одбор**
- **Одбори**

Членовите на Претседателството, Извршниот одбор, Надзорниот одбор и Претседателот на ЗЦГМ, својата функција ја обавуваат волонтерски и доброволно. Сите се избрани и одговараат за својата работа пред Собранието на ЗЦГМ.

**Член 24**

- Собранието на ЗЦГМ е највисок орган на здружението, кое го сочинуваат сите членови и тела заедно со ограноците - клубовите на подрачјето на Р. Македонија.
- Собранието работи на редовни и вонредни седници. Редовното Собрание се одржува еднаш годишно, а вонредното по потреба, на барање на Претседателството и на други тела, или на барање на најмалку 30 членови на ЗЦГМ.
- Со Собранието раководи Претседавач и работното претседателство избрано со мандат во времетрање на Собранието.
- Работното претседателство на Собранието се избира од членовите на Претседателството на ЗЦГМ со јавно гласање. Изборот може да биде и таен, доколку членовите на ЗЦГМ поднесат предлог за тајно гласање на Собранието.

**Член 25**

Делокруг на работа на Собранието е :

а) го донесува Статутот, врши измени и дополнениа на статутот, донесува Програма за работа на ЗЦГМ и други акти од негова надлежност

б) го усвојува годишниот извештај на Претседателството, насоки и план на работа за периодот од една година или по исклучок за пократок период

в) усвојува завршна сметка за предходната година и финансиски план за наредната година

г) разгледува и одлучува за прашања поврзани со спроведување на Статутот и програмските начела на ЗЦГМ;

д) одлучува за промена на целта на ЗЦГМ

ѓ) решава за исклучување на член по жалба
е) избира органи на ЗЦГМ:
- бира Претседавач на Собранието;
- бира работно претседателство на Собранието од составот на присутните членови од Претседателството;
- бира кандидациона и изборна комисија, како и записничар и 2 (двајца) заверувачи на записникот;
- бира Претседател и двајца Потпретседатели на ЗЦГМ како и членови на Претседателството и Надзорниот одбор;
- одлучува по предлог на Претседателството за прием на почесни членови и ги прогласува почесните членови на ЗЦГМ;
- бира делегати на Собранието на асоцијации и здруженија на граѓани каде што ЗЦГМ членува;
- ги разгледува извештаите за работа на Претседателството, Извршниот одбор, Надзорниот одбор и работните одбори, во изминатиот едногодишен период, извештаите за финансиското работење и состојбата со имотот на ЗЦГМ;
- ја одобрува работата на Претседателството и другите органи. Доколку се установи неисправност во работата, превзема мерки за зачувување на имотот и интересите на ЗЦГМ;
- донесува заклучоци и одлуки за склучување на договори кои се битни за работата на ЗЦГМ;
- одлучува за зачленување на ЗЦГМ во сојузи, здруженија и други организации;
- по предлог на Претседателството донесува одлука за формирање ограноци - клубови на ЗЦГМ на територија на Р.Македонија. Ограноците - клубовите се обврзуваат дека ќе работат според Статутот на ЗЦГМ и ќе вршат избор на локално раководство - координатор на огранокот - клубот согласно Статутот.
- донесува одлука за формирање клубови, ја следи нивната работа и ги одобрува годишните извештаи за работата и за финансиското работење;
- донесува одлука за регистрирање на ЗЦГМ за стопанска дејност, согласно позитивните закони, ја следи работата и ги разгледува и одобрува завршните сметки;

ж) одлучува за престанок на ЗЦГМ со најмалку 2/3 мнозинство од сите членови на Собранието.
з) одлучува за други прашања кои не се ставени во надлежност на другите тела на ЗЦГМ;
и) врши и други работи во согласност со Статутот и општите акти на ЗЦГМ.

**Член 26**

- Седницата на собранието ја свикува Претседателството на ЗЦГМ.
- Седницата на собранието се свикува и по предлог на Извршниот одбор или најмалку 30 членови на ЗЦГМ.
- Во предлогот за свикување на седница на Собрание предлагачот ги наведува и причините.
- Доколку Претседателството на ЗЦГМ во рок од 14 дена по примениот предлог не закаже седница на Собранието, седницата ја свикува Извршниот одбор или предлагачите.
- Собранието е должно да одржи најмалку една седница годишно.

**Член 27**

Собранието се свикува најмалку 14 дена пред одржувањето, по писмен пат со приложен дневен ред. При гласањето Одлуките се донесуваат јавно со просто мнозинство од присатните членови. Ако присатните членови одлучат, гласањето може да биде и тајно. Избрани се оние кандидати кои ќе добијат најмногу гласови.

**Член 28**

- Собранието одлуките ги донесува со мнозинство гласови на присатните, а за отпочнување на седницата потребно е да има најмалку 10% од вкупниот број членови на ЗЦГМ.
- Ако во рок од 30 минути не се присатни доволен број на членови на ЗЦГМ, кои обезбедуваат кворум за работа, Собранието се презакажува.
- Ако е обезбеден кворум истото отпочнува со работа, донесува конечни одлуки и заклучоци.
- Во работата на Собранието можат да учествуваат сите членови на ЗЦГМ присатни по своја волја, со право на дебатирање, предлагање и право на глас. Со право на учество на секој член во работата на Собранието, се овозможува рамноправност на сите членови, поголем интерес на членовите за работата на Собранието и поголем успех во самото работење.

Собранието донесува одлуки за:

- Избор на Претседавач и работното претседателство на Собранието
- Избор на Претседател и двајца Потпретседатели на ЗЦГМ;
- Членови на Претседателството;
- Членови на Надзорниот одбор;
- Исклучување на член;
- Престанок со работа на ЗЦГМ;
- Донесува и други одлуки во согласност со Статутот;

Секој член на ЗЦГМ има право на еден глас.
Гласањето во Собранието е јавно, освен за прашањето за исклучување на член кое е тајно.

**Член 29**

**Претседателството** на ЗЦГМ е составено од 11 члена и го сочинуваат:

- Претседател на ЗЦГМ
- двајца Потпретседатели на ЗЦГМ
- Генерален Секретар
- Претседатели на клубови
- Координатор на клубовите и
- Членови

Мандатот на членовите на Претседателството е во траење од 2 (две) години, со право на реизбор.
Поради континуитет во работата 2/3 од членовите можат да останат во новиот мандат.

**Член 30**

- Претседателството работи на седници. Седниците ги свикува претседателот, а доколку е тој спречен потпретседателот или најмалку 4 (четири) членови на Претседателството.
- Претседателството заседава со најмалку 7 (седум) членови и носи полноправни одлуки со просто мнозинство.
- Претседателството на првата седница од своите редови избира Генерален Секретар на ЗЦГМ.
- Претседателството го избира Извршниот одбор.
- Претседателството го именува Претседателот на Извршниот одбор од двајцата Потпретседатели на ЗЦГМ.
- Претседателството ги избира останатите 4 (четири) члена на Извршниот одбор од редовните членови на ЗЦГМ.

- Претседателството избира претседатели на работни одбори и други работни тела.
- Во работата на Претседателството можат да учествуваат редовни членови и вонредни членови или симпатизери без право на глас.
- Членовите на Претседателството не можат да бидат членови на Надзорниот одбор.
- Претседателот на ЗЦГМ, членовите на Претседателството ги бира Собранието од редовите на редовните членови.

**Член 31**

Претседателството раководи со работата на ЗЦГМ во период помеѓу две собранија и ги извршува следните работни задачи:
- донесува Програма за работа на ЗЦГМ;
- ги подготвува седниците на Собранието;
- спроведува одлуки на Собранието;
- разгледува предлози на членовите
- донесува и усвојува финасиски план на предлог на Извршниот одбор;
- предлага висина на годишната членарина;
- донесува одлуки за сите форми на работа на ЗЦГМ и ги усогласува;
- решава за исклучување на членови на ЗЦГМ поради повреда на статутарни норми;
- донесува одлуки за реализирање на годишните програмски активности;
- донесува одлуки за пофалби, признанија и награди;
- разгледува и одлучува за прашања за однесувањето, достоинството и нарушување на угледот на етичките норми на ЗЦГМ;
- врши и други работи и задачи во согласност со целите и Програмата на ЗЦГМ;
- одговорно е пред Собранието на ЗЦГМ.

**Член 32**

**Претседателот** на ЗЦГМ се избира од членовите на Претседателството на ЗЦГМ.
-Претседателот на ЗЦГМ ги свикува и раководи со седниците на Претседателството;
- Претседателот на ЗЦГМ ги врши протоколарните функции на прием и контакт со домашни и меѓународни здруженија и организации;

Претседателот на ЗЦГМ особено ги врши следните работи:
- Го потпишува Статутот и сите други акти на Собранието;
- Потпишува одлуки што се однесуваат на тековното работење на ЗЦГМ;
- Раководи со работата на ЗЦГМ во согласност со Уставот и законите на Р. Македонија и Статутот на ЗЦГМ;
- Ги извршува одлуките и заклучоците на Собранието, програмските цели и задачи на ЗЦГМ;
- Предлага програма за работа на ЗЦГМ;
- Го претставува и застапува ЗЦГМ;
- Води грижа за материјално-финансиската работа на ЗЦГМ;
- Извршува и други работи што се во интерес на ЗЦГМ.

Мандатот на Претседателот на ЗЦГМ трае 2 (две) години, со право на повторен избор. За својата работа е одговорен пред Претседателството и Собранието. Во случај Претседателот да не ги врши своите задачи во согласност со целите и задачите на ЗЦГМ истиот ќе биде отповикан од Собранието со 2/3 мнозинство.

**Член 33**

**Потпретседателите** на ЗЦГМ ги вршат сите работи и задачи дадени од страна на претседателот на ЗЦГМ и во целост го заменуваат кога е отсатен.

**Член 34**

**Генерален Секретар** на ЗЦГМ:

- Ги подготвува седниците на Претседателството;
- Ги води записниците на Претседателството;
- Води грижа за тековните работи во ЗЦГМ;
- Води целосна администрација на ЗЦГМ;
- Се грижи за прием на нови членови и води евиденција за членовите на ЗЦГМ;
- Се грижи за правилна примена на Статутот;
- Посредува во контактите на Претседателот-Потпретседателот со други здруженија и асоцијации, поради евидентирање на истите.

**Член 35**

**Координатор на клубовите**:

- Ја координира работата на клубовите во ЗЦГМ;
- Контактира, договара програми и истите ги презентира на Претседателот и Претседателството на ЗЦГМ;
- Одговорен за контакти со претседателите на клубовите;
- Води евиденција за секој клуб поединечно;
- Предлага нови клубови (доколку се створени услови за формирање).

**Член 36**

**Благајник** на ЗЦГМ:

- Води материјално-финансиско работење во ЗЦГМ;
- Наплатува членарина и доброволни прилози;
- Врши наплата и исплата во готово и преку жиросметка во рамките на ЗЦГМ;
- Поднесува писмен извештај за финансиското и материјалното работење на ЗЦГМ, прегледан и потврден од Надзорниот одбор;
- За својата работа одговорен е пред Собранието и Претседателството на ЗЦГМ.

Секој прилив и одлив на финансиски средства мора да биде покриен со писмен документ.

**Член 37**

**Претседател на клуб** на ЗЦГМ:

- Се избира од членовите на клубот;
- Го избираат на изборно собрание на клубот самите членови на клубот со мандат од 2 (две) години, со право на реизбор;
- Претседателот на клубот според статутот е член на Претседателството на ЗЦГМ;
- Собрание на клубот се свикува најмалку еднаш годишно
- Потребен кворум за работа на собранието е присаство на повеќе од половина од вкупниот број на членови на клубот;
- Собранието на клубот одлуките ги носи со мнозинство гласови на присатните;

Задачи и обврски на претседателот на клубот се:

- Ја координира работата на клубот со ЗЦГМ;
- Изготвува годишна програма на активности во клубот;
- Изготвува годишна програма за заеднички програмски активности со ЗЦГМ и во писмена форма ги доставува до Претседателот и Претседателството на ЗЦГМ.
- За сите други задачи и обврски координира со Координаторот на клубовите;

- Го свикува Собранието на клубот на редовна годишна или вонредна седница;
- Организира активности во самиот клуб, во соработка со друг клуб или со ЗЦГМ.
- За својата работа одговара пред Претседателството на ЗЦГМ.

**Член 38**

**Извршен одбор** на ЗЦГМ:

- Извршниот одбор е извршен орган на Претседателството.
- Извршниот одбор го сочинуваат 5 (пет) члена:
    - претседател;
    - потпретседател и
    - три члена;
- Членовите на Извршниот одбор ги избира Претседателството на ЗЦГМ;
- Претседателот на Извршниот се избира од двајцата Потпретседатели на ЗЦГМ;
- Останатите 4 (четири) членови на Извршниот одбор се избираат од редовните членови на ЗЦГМ;
- Извршниот одбор на првата седница од своите членови избира потпретседател на Извршниот одбор и благајник на ЗЦГМ
- Мандатот на членовите на Извршниот одбор е 2 (две) години со можност за реизбор;
- Со работата на Извршниот одбор раководи Претседателот, а во негово отсаство го заменува потпретседателот;
- На седниците на Извршниот одбор право на учество има и Претседателот на ЗЦГМ како полноправен член;
- Извршниот одбор одговара пред Претседателството и Собранието

Извршниот одбор ги извршува следните работи и задачи:

- ги извршува одлуките, заклучоците и препораките на Претседателството и Претседателот;
- ја извршува годишната програма за работа и дејствување на ЗЦГМ;
- ја подготвува и предлага финансиска пресметка на ЗЦГМ;
- ги предлага почесните членови на ЗЦГМ;
- ги предлага кандидатите за пофалби, признанија и награди
- управува со подвижниот и недвижниот имот на ЗЦГМ во согласност со Законот на Р.Македонија и Статутот на ЗЦГМ;
- ја предлага финансиската пресметка за работата и печатењето на гласилото на ЗЦГМ и други изданија;
- прашања за природата на конфликтите и недоразбирањата помеѓу членовите на ЗЦГМ;
- преземање мерки за отстранување на недоразбирањата и конфликтите помеѓу членовите на ЗЦГМ;
- обавува и други работи по препорака на Претседателството.

**Член 39**

**Надзорен одбор** на ЗЦГМ:

- Надзорниот одбор на ЗЦГМ е тело на Собранието составено од 3 (три) члена;
- Членовите на надзорниот одбор не можат да бидат и членови на Претседателството на ЗЦГМ.
- Мандатот на членовите на надзорниот одбор е 2 (две) години со право на реизбор.

Надзорниот одбор се грижи за:

- спроведување на одлуките на Собранието или вкупната работа и дејствување на ЗЦГМ;

- ја контролира примената на Статутот, одлуките и материјално-финансиското работење и за тоа го известува Собранието;

Надзорниот одбор е должен најмалку еднаш годишно да изврши преглед на материјално-финансиското работење на ЗЦГМ.
Извештајот за својата работа Надзорниот одбор го доставува до Собранието на ЗЦГМ.

## VII. ФИНАНСИРАЊЕ И ФИНАНСОВО РАБОТЕЊЕ

### Член 40

Извори на финансирање на ЗЦГМ се:
- членарина на редовните и вонредните членови;
- донации од буџетот на Владата на Р. Македонија;
- финансиска помош од Р.Црна Гора;
- донации и спонзорства;
- подароци и тестаменти;
- средства од различни фондови во Р.Македонија;
- приходи остварени од организирани собири-свечености;
- наменски средства од фондации;
- проекти и
- други извори.

Како извор на финансирање на ЗЦГМ може да послужи и стопанска дејност, која ќе биде уредно пријавена и водена согласно законските прописи на Р. Македонија.

### Член 41

Материјалното и финансиското работење се извршува согласно позитивните законски и други прописи на Р.М., а евиденцијата се угврдува согласно со општите акти на ЗЦГМ.

### Член 42

- Средствата кои ќе бидат обезбедени, ќе се користат за остварување на целите и задачите на ЗЦГМ.
- Со средствата располага Претседателството на ЗЦГМ, а се користат за спроведување на програмата, за набавка на основни средства за одвивање на активностите на ЗЦГМ и за набавка на литература, дневен печат и периодика, аудио и видео касети и дискови, за административни трошоци и режии.
- Одобрување за користење на средствата потпишува Претседателот на ЗЦГМ.
- Потписник на сметката е Претседателот на ЗЦГМ и друго лице редовен член на ЗЦГМ кое тој ќе го определи.

## VIII. ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО

### Член 43

Работата на ЗЦГМ е јавна и се обезбедуваат сите неопходни услови за навремено и редовно известување на членството и јавноста за работата на ЗЦГМ. Тоа се обезбедува преку лице за односи со јавноста, лице за односи со меѓународни и слични организации, издавање гласило на ЗЦГМ, соопштенија, конференции за печат, трибини и други форми, како и преку средствата за јавно информирање.

## IX. ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ЗЦГМ

### Член 44

ЗЦГМ го застапува и претставува Претседателот на ЗЦГМ, а во негово отсуство Потпретседател на ЗЦГМ.

## X. ИМОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 45**

Со целокупниот имот на ЗЦГМ управува Извршниот одбор.
Имотот на ЗЦГМ се употребува исклучиво за остварување на целите и задачите на ЗЦГМ.

## XI. ДОНЕСУВАЊЕ СТАТУТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО И НА НЕГОВО ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ

**Член 46**

Статутот на ЗЦГМ го донесува Собранието на ЗЦГМ.

**Член 47**

За толкување на одредбите на овој Статут надлежен е Извршниот одбор.

**Член 48**

Измените и дополнувањето на Статутот на ЗЦГМ се врши на следниот начин:

- со иницијатива на 10 % од членството;
- со иницијатива на Извршниот одбор;

Измените и дополнувањата на Статутот се донесуваат во постапка утврдена за негово донесување.

**Член 49**

- Изменување и дополнување на Статутот на ЗЦГМ се врши со амандмани кои ги предлага Извршниот одбор и ги доставува до Собранието на усвојување.
- Предлог-иницијатива за изменување и дополнување на Статутот може да даде Претседателството, Извршниот одбор и секој член на ЗЦГМ.

## XII. ПРЕСТАНОК НА РАБОТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 50**

ЗЦГМ престанува со работа со одлука на Собранието на ЗЦГМ.
Одлуката се донесува со најмалку 2/3 мнозинство на гласови од сите членови на Собранието.
- ЗЦГМ престанува со работа ако:

- за тоа одлучат членовите;
- бројот на членови се намали под бројот определен за основање;
- се утврди дека ЗЦГМ престанало со работа;
- ако Уставниот суд на Р. Македонија донесе одлука дека програмата и Статутот на ЗЦГМ не се во согласност со Уставот;
- ако се покрене иницијатива за законитоста на работата и се утврди дека ЗЦГМ работи спротивно од Законот на здруженијата на граѓани и фондациите на Р.М.

Со одлука за престанок на работа на ЗЦГМ се одлучува на кому ќе му биде отстапен имотот со кој располага ЗЦГМ.

## XIII. ПРЕОДНИ ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 51**

Статутот влегува во сила со денот на неговото усвојување, а ќе се применува од денот на уписот во единствениот регистар на здруженијата на граѓани и фондациите на Република Македонија.

| | |
|---|---|
| Претседавач на Собранието | Претседател на ЗЦГМ |
| Владимир Ракочевиќ | Мирољуб Орландиќ |